

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 17, број 22 / 2024
UDK 271.2-523.4(497.775)”63/653”

Душко ТЕМЕЛКОСКИ
*археолог, кустос советник, НУ Завод и Музеј Прилеп*
*duletemelkoski@gmail.com*

# ЗАГУБЕНО СЕЛО И ДВЕ НЕГОВИ ЦРКВИ ВО ПРИЛЕПСКО

**Клучни зборови:** *Големо Мраморани, замрено село, две еднокорабни цркви, локалитети Манастирче и Гробишта, мермерни наоди со зооморфни прикази*




Сл. 1. Карта

**Апстракт:** *На помал простор помеѓу Мажучиште и Мало Мраморани се забележуваат остатоци од градби, можни траги од напуштеното село Големо Мраморани. Во селото постоела еднокорабна гробишна црква, евидентирана на локацијата Гробишта. Мермените архоитектонски елементи упатуваат на рана фаза на црквата во доцната антика. На локацијата Манастирче делумно е сочувана исто така еднокорабна црква, со влез од јужната страна. Пред влезот се евидентирани неколку гробови од камени плочи, додека од северната страна и покрај апсидата, се забележуваат остатоци од темели од градби. Според името на локацијата и наодите, се претпоставува дека на тоа место егзистирал помал манастирски комплекс.*

Во атарите на прилепските села Мажучиште и Мало Мраморани има повеќе археолошки наоѓалишта со траги од предисторијата, античкиот период, па се до средновековието (Сл. 1).

На нискиот рид Ќаве, веднаш над селото Мажучиште, се претпоставува дека егзистирала помала населба во предисториските периоди, додека во античко време било оформено помало утврдување.[1] Оваа локација е со извонредна стратегиска местоположба од која има мошне јасен визуелен опфат на речиси целиот северен дел од котлината Пелагонија. Со малите заштитни истражувања кои во 2004 година ги изврши прилепскиот Завод за заштита на спомениците на култура и Музеј, се евидентираа културни хоризонти од бронзеното и

[1] Димитриоски, 2000, 188-189

железното време, а се истражи и дел од малото утврдување од времето на последните македонски кралеви, таткото и синот Филип V и Персеј.[2] Во текот на нивните континуирани битки што ги воделе против илирските племиња од западното соседство, а кои биле сојузници на Римјаните во текот на II век ст.е., македонскиот воен контигент кој бил стациониран токму на ридот над Мажучиште, остварувал визуелна комуникација со другите утврдувања во североисточниот дел од котлината: Маркови кули над Варош, Прилеп, Грамаѓе - Преслап над Горно село и Марков чардак кај селото Бело поле.

Егзистирање на населба во следниот римско - царски период, е потврдено во јужното подножје на ридот, односно на местото каде што денес е селото Мажучиште. За жал, во минатото во неколку наврати при одредени градежни активности, со тешка механизација се уништени делови од градби од оваа римска населба, а неколку наоди од мермер завршиле во каналот средсело. Во 1996 година при неговото чистење, извлечена е римска мермерна ара (жртвеник), посветена на богот Хермес, гласник на боговите и заштитник на патниците и трговците.[3] Според натписот, арата била завет на римски воен ветеран со име Поплиј Ајлиј Филип, веројатно жител на малата населба Колобаиса.[4] Оваа населба истражувачите ја лоцираат на поширок простор кон север од Мажучиште, односно во месноста Трескавец под врвот Златоврв (каде што подоцна е изградено средновековното светилиште, манастирскиот комплекс Успение на Пресвета Богородица)[5], како и во западното подножје на Трескавец, помеѓу селата Горно село и Дупјачани.[6] Покрај уништувањето на остатоци од римски градби, на местото кое било зарамento за изградба на фудбалско игралиште во селото Мажучиште, целосно биле уништени и ѕидни остатоци од црква и гробови кои припаѓале на некропола околу неа.[7] Остатоците од архитектура веројатно припаѓале на постарата црква Свети Атанасиј, која се споменува во едно предание што го пренесуваат мештаните. Денес во селото активен е христијанскиот храм Пресвета Богородица, подигнат во XVIII век.



Сл. 2. Позиции на наоѓалишта

Во соседното село Мало Мраморани, кое во овој труд го поврзуваме со селото Мажучиште, денес нема активна црква. Но, на една височинка средсело се забележуваат остатоци од ѕидови, како и мермерни блокови, кои припаѓале на стара црква, која според помнењето на жителите на селото била посветена на Свети Атанасиј. Постоење на постари, средновековни цркви во двете соседни села кои чествувале ист светец како духовен заштитник, упатува на мошне силно развиена почит кон него меѓу месното население.

Фокусот на нашето интересирање е на микролокацијата во западното подножје на ридот Негре, која иако е помеѓу двете села Мажучиште и Мало Мраморани, сепак катастарски припаѓа на соседното село кон запад, Сенокос (Сл. 2). На овој денес испустен простор, според одредени верувања, во текот на турскиот средновековен период, но и порано, постоело село со назив Големо Мраморани. Се претпоставува дека неговите жители во најголем број се преселиле во Бело Поле, кое е на околу 10 км. кон северозапад, а помал дел во Мало Мраморани и Мажучиште. Површински се гледаат остатоци од градби - мноштво разрушени камења, како и покривна и градежна керамика. На околу 700 м. кон југоисток од селото Мало Мраморани е позициониран карпестиот рид Самовилец, кој во голем дел е уништен со експлоатација на гранит. И тука, околу карпите се забележуваат остатоци од градежен материјал, но пронајдените

[2] Миткоски, Темелкоски, 2019, 173-198

[3] Cermanovic, Srejovic, 1992, 347

[4] Кепески, 1999, 195-202

[5] Неколку истражувачки кампањи на оваа локација реализира др. Бранислав Ристески од ЈНУ Институт за старословенска култура

[6] Темелкоски, Миткоски, 2012, 23-24

[7] Димитриоски, 2000, 192, 193



Сл. 3. Црква на локалитетот Манастирче, јужна страна

движни наоди на фрагментирана предисториска и античка садова керамика, укажуваат на населбинско егзистирање на просторот и во подалечното минато.[8] Карпестиот терен во античко време бил искористен и за правење на камени двојни корита - винарници во кои се гмечело грозје.[9]

Прилепскиот Завод и Музеј прави прелиминарни подготовки за идни истражувања на две постари христијански градби, лоцирани под ридот Негре и кои најверојатно припаѓале на замреното село Големо Мраморани.

Едната е на доминантна височинка, на локација позната под топонимот Манастирче, на околу 1,8 км. северозападно од Мажучиште. Станува збор за еднокорабна црква со полукружна апсида (Сл. 3). На јужната фасада која е максимално сочувана нешто повеќе од 2 м. во висина, има низок влез со лачно оформена ниша наднего, во која веројатно била насликана претстава на патронот кому црквата била посветена. За жал, нема видливи остатоци од таа претстава. Во внатрешноста е евидентиран мермерен столб (Сл. 4), а наоколу однадвор, уште неколку исто така мермерни, фрагментирани архитектонски елементи. Надворешно, покрај северниот ѕид и апсидата на црквата, се забележуваат остатоци од темелни партии од ѕидови од градби (Сл. 5), додека пред јужниот ѕид на црквата, на отворениот простор кој е со благ пад кон југ, површински се евидентирани неколку гробни конструкции од камени плочи. Опишаните појави упатуваат на комплексно решение, односно веројатно станува збор за егзистирање на помало монашко братство - манастирски комплекс, претпоставка која се поткрепува и врз основа на самиот топоним Манастирче.

Другата христијанска градба која е предмет на нашиот интерес, е на локацијата позната како Гробишта, т.н. заради поголемиот број на гробови околу неа. Оддалечена е на околу 300 м. кон запад од локацијата Манастирче. И оваа црква е еднокорабна и со полукружна апсида (Сл. 6). Должината на основата е 6,30 м., додека нејзината ширина е 4,15 м. Сочувани се најниските партии од ѕидовите (најголема сочувана висина е 1,40 м.), кои се градени од релативно добро делкани камења, а имаат ширина од 0,80 м.

Црквата егзистирала подолго време. Според пронајдените мермерни архитектонски наоди во внатрешноста, нејзината најрана фаза мошне веројатно е некаде во доцната антика. Евидентирани се капител со релјефно изведен крст (Сл. 7), делови од столбови, како и два архитектонски елементи со релјефни зооморфни прикази (Сл. 8).

Едниот архитектонски елемент е дел од фронтонот на градбата (горниот дел од предната фасада) со вегетабилна декорација - акротерион со палмети и релјефни прикази на петел и коњ,

[8] Димитриоски, 2009, 125; Миткоски, 2022, 59-107

[9] Димитриоски, 2009, 130



Сл. 4. Црква на локалитетот Манастирче, внатрешност



Сл. 5. Црква на локалитетот Манастирче, остатоци од градби од северната страна



Сл. 6. Остатоци од црква на локалитетот Гробишта



Сл. 7. Капител, локалитет Гробишта

следното утро. Кога пеел петелот, св.Петар се сетил на Исусовите зборови и се покајал. Така, петелот претставува симбол на повик за покајание, но и на воскресението со оглед што пее пред самото разденување, односно го најавува триумфот на светлината над темнината, зората на животот (истокот) над смртта.[10] Коњот е олицотворение на совршено Божјо создание, симбол на храброст и моќ за прифаќање и приклонување кон вербата Христова. Забележано е дека Исус се враќа во Ерусалим како јавач на бел коњ, што претставува одраз на тријумфална победа на чистотата на верата која пророкот ја проповеда[11]

Другиот архитектонски елемент е со прикази на глава на вол и срна во скок. Волот се поврзува со евангелистот Лука, односно на приказите е негов чест придружник, понекогаш претставен со крила, што симболично значи брзо патување (ширење) на евангелието насекаде. Воедно, во



Сл. 8. Мермени наоди со зооморфни прикази, локалитет Гробишта

од кого се гледаат само главата и предните нозе. Претстави на петли се појавуваат веќе на самите почетоци на христијанството, односно евидентирани се во римските катакомби, како и на бројни ранохристијански гробници и саркофази во различни земји. Петелот се поврзува со св.Петар, што е засновано на евангелските записи за предвидувањето дека тој трипати ќе се одрече од Исус при неговото заробување, а пред петелот да запее

христијанството волот се претставува како жртвено животно, симболика на жртвата која Исус ја

[10] Linesley, 2016

[11] https://jesusway4you.com/2019/03/06/signs-and-symbols-of-the-bible-horse/ ; https://www.biblegateway.com/passage/?search=Revelation%2019%3A11-16&version=NKJV



Сл. 9. Некропола на локалитетот Гробишта

дава за човештвото.[12] Еленот (срната) е симбол на изворот на животот, односно како што ова животно не може без вода, така и душите на верниците не можат без изворот на чистата вистина која се промовира преку христијанското учење.[13]

Црквата во средновековието, постепено прераснува во гробјанска селска црква и се користи долго време, се до згаснувањето на селото Големо Мраморани. Гробовите кои се гледаат на површината околу црквата, забележително е дека не се мошне стари, односно биле погребувања од последната фаза на користење на некрополата (Сл. 9). Веројатно, напуштањето на селото Големо Мраморани, а со тоа и престанокот на користење на црквата и некрополата се случиле во XVIII или во XIX век. Со археолошките истражувања се планира расчистување на просторот од вегетација и дислоцираните урнатини, така што убаво ќе се оцртаат контурите на основата на црквата, како и влезот во неа. Можно е пронаоѓање на уште некој архитектонски наод, кој би ја надополнил сликата за репрезентативната архитектура од раната фаза на градбата.

Двете градби на локалитетите Манастирче и Гробишта под ридот Негре, секако упатуваат на мошне развиена посветеност на Христовата вера на жителите на напуштеното село Големо Мраморани. Веројатното постоење на манастир е дополнителен показател за оваа претпоставка. Во секој случај, местото со опишаните содржини ги задоволува сите критериуми на споменична целина со културно значење, односно целосно е оправдано размислување за сериозни научни истражувања од страна на прилепската музејска установа. По завршувањето на археолошките истражувања неопходно е продолжување на третманот што двете цркви го заслужуваат, односно реализирање на конзерваторско-реставраторски работи врз нивните остатоци. Со делумна реконструкција на црквата на локалитетот Гробишта и целосна на онаа на локалитетот Манастирче, како и на придружните градби во рамките на комплексот, би се добила навистина репрезентативна визуелна презентација на ревитализирана духовна моќ на христијанската вера, која во подолг временски период била високо воздигната во едно, за жал, изгубено село, селото Големо Мраморани.

---

[12] https://catholicexchange.com/what-are-the-symbols-of-the-four-evangelists/

[13] Давидов псалм 41: „Како што кошутата жеднее по водни извори, така и душата моја Боже, копнее по тебе“. Поврзувајќи го со водата која е извор на живот и симбол на чистота, еленот (срната) е чест декоративен мотив во ранохристијанските крстилници: Димитрова, 1995.

**Библиографија:**

Димитриоски Т., Древна цивилизација I, Центар за печат, радио и ТВ, Прилеп, 2000

Димитриоски Т., Древна Пелагонија I, Ризница, Прилеп, 2009

Димитрова Е., Најстарите христијански симболи, Македонска цивилизација, Скопје, 1995

Кепески К., Ара од Мажучиште, Macedoniae acta archaeologica 15, Скопје, 1999

Митkоски А., Истраженост на бронзеното доба во Пелагонија и Мариово, Macedoniae acta archaeologica 24, Скопје, 2022

Митkоски А., Темелкоски Д., Локалитетот Ридот кај село Мажучиште, Macedoniae acta archaeologica 21, Скопје, 2019

Темелкоски Д., Митkоски А., Античко македонски локалитети во прилепскиот регион, Зборник на трудови 16, НУ Завод и Музеј Битола, 2012

Cermanovic A., Srejovic D., Leksikon religija i mitova drevne Evrope, Beograd, 1992

Linesley C. A., The rooster in Biblical symbolism: http://biblicalanthropology.blogspot.com/ 2016

Dushko TEMELKOSKI

# THE LOST VILLAGE AND ITS TWO CHURCHES IN THE REGION OF PRILEP

*Summary*

During the more distant past (the prehistory and the Antique period) between the two villages Mazhuchishte and Malo Mramorani in the region of Prilep, existed a settlement, which also continued its life during the medieval period. This conclusion is based on the discovered finds. During the medieval period the presently abandoned village of Golemo Mramorani, also existed here. Remains of one nave churches have been evidenced on these two micro-locations. In the area called Grobishta, around the church, one can notice graves made of stone slabs, while several architectonic elements made of marble have also been discovered, e.g.: one capital and two finds depicting animals which can be related to the Christian symbolic. In the second micro-location called Manastirche, apart from the partially preserved church, we have also discovered several graves, as well as remains of buildings` foundations. According to the toponym of the micro-location, as well as according to the finds, we suppose that there was a smaller monastic complex existing on this site during the past. The finds from the two locations, Grobishta and Manastirche, testify to the quite developed dedication of the inhabitants of the now abandoned village of Golemo Mramorani to the faith of Christ.